

# СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**ИНТЕРЕН ПЛАН ЗА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ, СУДИИТЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ**
**За период 01.01.2021-31.12.2021 година**

| **ЦЕЛ** | **СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА СУДОВИТЕ, СУДИИТЕ И ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА СУДОВИТЕ** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Приоритет 1** | Ефикасност на судовите | | | |
| **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Носители на активноста** | **Рок на реализација** |
| Намалување застарените предмети<br><br>Намалување на старите нерешени кривични, граѓански, и управни предмети | Усвојување на извештаите од извршените работни посети и извештаите од претседателите на судовите за застарените предмети и старите нерешени кривични, граѓански, и управни предмети<br><br>Изготвување на акциони планови | Одржани седници на ССРСМ<br><br>Донесени заклучоци<br><br>Испратени заклучоци до претседатели на судови<br><br>Извештаи за реализација на акциони планови | Членови на ССРСМ, ССРСМ<br><br>Претседатели на судови | Ноември и Декември 2020<br><br>Континуирано |

| **Приоритет 2** | Ажурност на судовите | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Носители на активноста** | **Рок на реализација** |
| Совладување на приливот на предмети<br><br>Намалување на заостатокот на предмети | Усвојување на тромесените извештаи на седница на ССРСМ | Број на предмети од предходното тромесечие<br><br>Новопримени предмети<br><br>Вкупен број на предмети во работа<br><br>Решени предмети | Членови на ССРСМ, ССРСМ, претседатели на судови, судии | Одржана 353 –та седница на 23.11.2020 година<br><br>Изготвени 34 заклучоци<br><br>Испратени 34 заклучоци<br><br>Квартално |

| Приоритет 3 | Формирање на трачлени комисии за следење на работата на судиите и претседателите на судовите | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Носители на активноста** | **Рок на реализација** |
| Квалитетно водење на судската постапка | Работни посети<br><br>Увид во предмети<br><br>Изготвуваање на извештаи<br><br>Поднесени барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд | Отсуство на доволно аргументи во образложението на одлуките во поткрепа на слободнодто судиско уверување<br><br>Несоодветна и нецелосна анализа на доказите<br><br>Неаргументираано образложение при одбивањето на предлозите на странките за докази<br><br>Укинување одлуки на првостепените судови без конкретни напатсвија<br><br>Отсуство на аргументирано образложение во одлуките со кои се задира во основните човекови права и слободи (мерка притвор, посебни истражни мерки, замрзнување на финансиски трансакции,заплена на имот и имотна корист) | Членови на ССРСМ,<br><br>ССРСМ | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготвеност на судијата за водење на расправа. | Работни посети<br><br>Увид во предмети<br><br>Изготвуваање на извештаи<br><br>Поднесени барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд | Динамика на закажување на рочиштата<br><br>Недоволна грижа за роковите/намерно предизвикување застарување на предметите<br><br>Недоволно искористување на можностите за уредна достава<br><br>Непреземање потребни дејствија за претходно испитување на тужбата и навремено отстранување на недостатоците во неа<br><br>Неискористување на можностите за определување на дополнителни судии и судии поротници поради што доаѓа до одлагање на рочиштата | Членови на ССРСМ,<br><br>ССРСМ | Континуирано |
| Квалитетно составување на записник во постапката и сослушување странки | Работни посети<br><br>Увид во предмети<br><br>Изготвуваање на извештаи<br><br>Поднесени барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд | Неуредно водење на записникот ( пропусти, нејаснотии,крупни грешки)<br><br>Некористење на техничките можности за користење на аудио аудиовизуелно снимање на текот на постапката<br><br>Необезбедување на примерок од записникот за странките | Членови на ССРСМ,<br><br>ССРСМ | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Подготвеност на судијата за донесување процесни одлуки | Увид во предмети<br><br>Изготвуваање на извештаи<br><br>Поднесени барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд | Неаргументираности или/отсуство на законски основи за донесување процесни решенија<br><br>Несоодветни одлуки по основ на приговори во тек на постапката<br><br>Пропусти при донесување и образложување на процесните решенија<br><br>Погрешна оцена по однос на исклучување на докази<br><br>Неосновано отфрлање тужба<br><br>Неосновано одлучување за определување привремена мерка за обезбедување | Членови на ССРСМ,<br><br>ССРСМ | Континуирано |
| Способност на судијата за решавање на конфликти | Работни посети<br><br>Увид во предмети<br><br>Изготвуваање на извештаи<br><br>Поднесени барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд | Негрижа за ред и дисциплина во судницата<br><br>Недолично однесување и/или изразување на судијата во судницата односно во комуникацијата/обраќањето до другите присутни во судницата<br><br>Неаргументираности/или отсуство на законски основи за исклучување на јавноста | Членови на ССРСМ,<br><br>ССРСМ | Континуирано |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ажурно постапување | Работни посети<br><br>Увид во предмети<br><br>Изготвуваање на извештаи<br><br>Поднесени барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд | Неоправдано одлагање на рочиштата<br><br>Непочитување/пречекорување на законските рокови<br><br>Погрешно пресметување на законските рокови<br><br>Повреда на начелото на судење во разумен рок поради лошо раководење со постапката во слисла на член 6 од Европската Конвенција за заштита на човековите права<br><br>Застарувањегна гонењето/извршувањето на санкцијата на кривичните предмети<br><br>Неправилна одлука при приговор за застареност од странките | Членови на ССРСМ,<br><br>ССРСМ | Континуирано |
| Квалитет на работата | Работни посети<br><br>Увид во предмети<br><br>Изготвуваање на извештаи<br><br>Поднесени барања за утврдување на одговорност за судија или претседател на суд | Број на укинати пдлуки заради сорени суштествени (битни) повреди на процесниот закон ( во соодност со вкупниот број предмети по кои се одлучувало) | Членови на ССРСМ,<br><br>ССРСМ | Континуирано |

| **Приоритет 4** | **Постапување по барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Носители на активноста** | **Рок на реализација** |
| Навремено и ажурно постапување по барањата за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд | Формирање комисии на известители<br><br>Отфрлање на барањето за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд<br><br>Изготвување на известување од Комисијата на известители<br><br>Одржување расправа<br><br>Изготвување на Извештај од комисиите на известителите<br><br>Расправа по Извештајот на седница на ССРСМ | Број на поднесени барања за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд<br><br>Број на донесени решенија со кои барањата се отфрлаат како ненавремени, нецелосни или очигледно неосновани<br><br>Број на запрени постапки на седница на ССРСМ<br><br>Број на продолжени постапки на седница на ССРСМ<br><br>Број на одржани расправи<br><br>Број на изготвени извештаи од комисиите на известители<br><br>Донесени одлуки на седница на ССРСМ | Членови на ССРСМ, ССРСМ, | Континуирано |

| **Приоритет 5** | Постапување по претставки и поплаки на граѓаните, правните лица за работата на судиите, претседателите на судовите и судовите | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Очекувани резултати** | **Активности** | **Индикатори** | **Носители на активноста** | **Рок на реализација** |
| Утврдување на одговорност на судии или претседатели на судови при постапување по одделни предмети | Барање известување од судиите/претседателите на судовите<br><br>Расправа по претствките и поплаките на седница на ССРСМ<br><br>Доставување известување до подносителите на претставки и поплаки<br><br>Укажување до судиите и претседателите до судовите<br><br>Задолжување на координаторот за следење на соодведен суд да го следи постапувањето по соодветен предмет<br><br>Поднесување на барање за утврдување на одговорност на судија ли претседател на суд од страна на член на ССРСМ | Број на доставени барања /известувања<br><br>Број на одржани седници<br><br>Број на доставени известувања до подносителите на претставки и поплаки<br><br>Преземени мерки од страна на координаторот за определен суд<br><br>Број на поднесени барање за утврдување на одговорност на судија ли претседател на суд од страна на член на ССРСМ | Членови на ССРСМ, ССРСМ | Континуирано |

Интерниот план за следење и оценување на работата на судиите, претседателите на судовите и судовите е документ со основна цел да обезбеди, понатамошно подобрување на квалитетот на работењето, како и следење и оцена на резултатите и ефективноста на преземените мерки и активностите од страна на Судскиот совет на Република Северна Македонија.

Целта на овој план пред се е реализација на приоритетите утврдени во Стратешкиот план на Судскиот совет на Република Северна Македонија и тоа унапредување на системот за следење и оценување на работата на судовите, судиите и претседателите на судовите, унапредување на независноста на судството и зајакнување на транспарентноста за зголемување на довербата на јавноста. Во таа насока потребно е да се изврши проверка на предметите за кои граѓаните поднеле претставка до ССРСМ, предмети кои спаѓаат во т.н. „стари предмети, предмети кои застареле или се пред застарување, предмети за кои постои сомнеж дека не е постапувано согласно закон, предмети кои што предизвикале интерес во јавноста, предмети по кои постапува Одделението за организиран криминал и корупција во Основниот кривичен суд Скопје, посебни истражни мерки, одлуки во однос на притворот, предмети каде што апелационите судови преиначиле пресуда во делот на кривичната санкција, проверка на предмети во кои се пречекорени роковите од одржување на седница на Врховниот суд на РСМ до верификација на пресудата, предмети за кои е пропишана казна доживотен затвор, стечајните предмети и предметите во кои се поднесени барања и се донесени решенија за изземање на судиите. Проверката на предметите ќе се изврши без оглед на стадиумот во кој се наоѓаат – тековни и архивирани предмети.

**бр.01-1980/1**
**21.12.2020 година**
**С К О П Ј Е**

**СУДСКИ СОВЕТ**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател,**
**Киро Здравев**